09-2849/2
17-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-та седница одржана на ден 13.05.2022 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 09-2849/1 од 17.08.2021 година, оформен по пријава од познат подносител против лицето ------ -------, член на Советот за ------- - ------ -- -------- на РСМ, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не се утврдени прекршувања на одредбите од ЗСКСИ, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-2849/1 од 17.08.2021 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител против лицето ------ ------, со наводи дека има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности, затоа што истовремено ги врши следните фунции - член на Советот за ------- - ------ -- -------- на РСМ, Директор на ------ -- ------ ------- - ------- на ----- и член на Комисијата за ------- -- -------- при Институт на ------- ------- на РСМ.

Со цел утврдување на фактичката состојба, членот на ДКСК и советникот од одделението во кое е отворен предметот и кај кој е распределен предметот за работа, оствариja средба со ВД Претседателот на Советот за ------- - ------ -- -------- на РСМ, во просториите на Советот.

На средбата, Претседателот на Советот даде појаснување дека во конкретниот случај не станува збор за прекршување на законски одредби, затоа што согласно член 9 од Законот за --------, се предвидува какви профили на професии и претставници од институции можат да бидат избрани за членови на Советот, односно дека еден член на Советот треба да е претставник од ------ ------ на РСМ, вработен во секторот за --------.

Во однос на Комисијата за ------ -- ------- при Институт на ------- ------ на РСМ, не е предвидена одредба со која се забранува член на Советот да е и член на Институтот, дотолку повеќе што работата на двете тела е поврзана.

Имено, членот 9 од Законот за ------- предвидува:

(1) Советот го сочинуваат седум члена од кои еден е претседател.
(2) (2) Владата на Република Македонија ги именува претседателот и членовите на Советот. Претседателот на Советот го предлага министерот за финансии, а другите шест члена ги предлагаат следниве институции:

- **еден претставник од Народната банка на Република Македонија, вработен во Секторот за супервизија**,
- еден претставник од Агенцијата за супервизија на осигурувањето,
- еден претставник од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија
- еден претставник од редовите на големите трговски субјекти и
- двајца овластени ревизори предложени од Институтот.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, на седницата одржана на ден 13.05.2022 година, ДКСК утврди дека наводите во пријавата против лицето ------- ------- не се потврдуваат.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител